# СЛУЖБ... ЛИСТ
## НА ФЕДЕРАТИВНА НАРОДНА РЕ... ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словеначко и македонско издание. Огласи по тарифата. — Текуќа сметка кај Народната банка на ФНРЈ за претплата бр. 1031-900880. — Текуќа сметка на Продавното одделение 1031-670880.

Среда, 29 август 1951
БЕЛГРАД
БРОЈ 39 ГОД. VII

Цена на овој број е 10.— дин. — Претплата за 1951 година изнесува 600.— динари, а за странство 750.— динари. Редакција: Улица Краљевиќа Марка бр. 9. — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276 Продавно одделение 22-619. Телефонска централа 28-010


**377.**

Врз основа на чл. 3 и 4 и 31 од Уредбата за надлежноста за определување и контрола цените и тарифите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/50), а во врска со точ. 4 од Решението за намалените единствени цени во продажбата на големо на пченица, пченка, 'рж и брашно во економската 1950/51 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51), пропишуваме

## НАПАТСТВИЕ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕТО И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА НАПАТСТВИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ ПРОДАВНИТЕ ЦЕНИ НА ГОЛЕМО НА ЖИТАТА, БРАШНОТО И НА ГРИЗОТ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ОТКУП КАКО И ЗА НАДОКНАДАТА (РЕГРЕСОТ) НА РАЗЛИКИТЕ ВО ЦЕНИТЕ

1. Ставот 5 точ. 5 од Напатствието за формирање продавните цени на големо на житата, брашното и гризот од задолжителниот откуп, како и за надокнадата (регресот) разликите во цените („Службен лист на ФНРЈ", бр. 34/51) се менува и гласи:

„Уемот се засметува во пресметковната продавна цена во износ од 85 динари за 100 кг жита. Претпријатието за промет со жита врз основа на определената му просечна цена на уемот ќе ја договора со поодделни мелници висината на уемот."

После ст. 5 точ. 5 на споменатото напатствие се додаваат нови ставови:

„Определувањето на уемот за поодделни претпријатија за промет со жита го врши стопанското здружение на тие претпријатија во заедница со републичкиот орган под чие што стопанско раководство се наоѓаат мелниците. При определувањето висината на овој уем за поодделни претпријатија за промет со жита се зема во оглед првенствено видот на погонот, капацитетот, трошковите и сл. на мелниците во кои што ќе ги меле житата односното претпријатие за промет со жита.

Претпријатието за промет со жита може со договор со поодделна мелница да ја утврди висината на уемот најповеќе до износот од 120 динари за 100 кг. При договорањето висината на уемот претпријатието за промет со жита ќе води сметка за видот на погонот на мелницата, нејзиниот капацитет и другите трошкови, со тоа што определениот уем на сите мелници во една народна република да не го премине просечниот износ од 85 динари за 100 кг.

2. Ова напатствие ќе се применува од денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија".

Бр. 12012
23 август 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ**, с. р.

Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

**378.**

Врз основа на точ. 1 Наредбата за дополнување на Наредбата за мерките за штедење артикли од широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 6/51) во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ, пропишувам

## НАПАТСТВИЕ
### ЗА КУПУВАЊЕТО НА ТВОРБИТЕ ОД ЛИКОВНАТА И ПРИМЕНЕТАТА УМЕТНОСТ

1. Творби од ликовната и применатата уметност можат да купуваат сите државни надлештва и установи.

Ова купување можат да го вршат само од одобрените средства за таа цел.

2. Државните надлештва и установи можат самите да купуваат творби од ликовната и применатата уметност на сите изложби на кои се прикажуваат тие творби врз основа на избор на жири од здружението на ликовните уметници. На другите изложби, на авторите и на други лица и установи можат да ги купуваат само врз основа на предлог на одделни комисии што ќе се образуваат во таа цел во сите народни републики.

Задачата на овие комисии е да даваат предлози за купување творби од ликовната и применетата уметност и да вршат проценка вредноста на тие творби.

Поблиски прописи за образувањето, составот и работењето на комисиите ќе донесат претседателите на советот за просвета, наука и култура на народните републики.

3. Државните стопански претпријатија, нивните здруженија, општествените организации и нивните претпријатија и установи можат слободно да купуваат творби од ликовната и применетата уметност без предлог од комисијата од претходната точка.

4. До крајот на 1951 година откупот и расподелбата на творбите од ликовната и применетата уметност ќе го врши, во склад со ова напатствие, Советот за наука и култура на Владата на ФНРЈ за потребите на сојузните надлештва и установи, советите за просвета, наука и култура на владата на народните републики за потребите на сите други државни надлештва и установи, бидејќи да се тие за оваа година носители на одобрените кредити за тие набавки, а музеите, галериите и школите од ликовната и применетата уметност за пополнувањето на своите збирки.

5. Прописите на Наредбата за купувања што ги вршат државните стопански претпријатија, надлештва, установи, задруги и општествените организации од приватните лица („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/50) нема да се применуваат за купувањата на творбите од ликовната и применетата уметност ако се купуваат овие творби непосредно од ликовните уметници државјани на ФНРЈ.

Во сите други случаи купувањата на творбите од ликовната и применетата уметност остануваат во сила прописите од споменатата наредба.

6. Ова напатствие ќе се применува од денот на објавувањето во „Службениот лист на Федеративна Народна Република Југославија", кога престанува да важи Напатствието за купување творби од ликовната и применетата уметност објавено во „Службениот лист на ФНРЈ", бр. 6/51).

Бр. 8729
9 август 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за наука и култура,
**Родољуб Чолаковиќ**, с. р.
Согласен,
Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

**379.**

Врз основа на чл. 2 и 4 од Уредбата за надлежноста за определување и контрола на цените и тарифите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/50) и точ. 3 од Наредбата за утврдувањето производите на кои што цените ќе ги определува Владата на ФНРЈ, Министерот на финансиите на ФНРЈ и Претседателот на Советот за промет со стоки на Владата на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 66/50), по предлог на Претседателот на Советот за промет со стоки на Владата на ФНРЈ и Министерот на финансиите на ФНРЈ, Стопанскиот совет на Владата на ФНРЈ, донесува

## НАРЕДБА
## ЗА ОТКУПНИТЕ ДРЖАВНИ ЦЕНИ ЗА ЗГОЕНИТЕ СВИЊИ

1. За згоените свињи кои производителите ги предаваат поради извршувањето на задолжителните испорачки на свински маст, се определуваат следни откупни државни цени, и тоа:

| Згоени свињи | Динари за 1 кг — Во готови пари | Динари за 1 кг — Во бонови за откуп со право за купување индустриска стока со 65% попуст |
|---|---|---|
| I класа, со преку 60% маснотија | 35.— | 35.— |
| II класа, со 55—60% маснотија | 32.— | 32.— |
| III класа, со 50—55% маснотија | 30.— | 30.— |
| IV класа, со 45—50% маснотија | 28.— | 28.— |
| V класа, со 40—45% маснотија | 24,50 | 24,50 |

За згоени скопени нерасти се утврдува за 15% помала цена од соодветните цени според горните класи.

Процентот на маснотијата се смета на тежината во заклана состојба.

Горните цени се подразбираат за 1 кг жива мера, франко најблиското пазариште за добиток на продавачот, за добиток што не е наранет ни поен 12 часа пред примопредавањето.

2. Доколку државните селско-стопански добра, државните претпријатија за гоење, селанските работни задруги, економиите на земјоделските задруги и индивидуалните земјоделски стопанства испорачаат згоени свињи со долу назначените тежини, ќе им се признаат покрај откупната цена од точ. 1 и одделни премии во следни износи:

| | |
|---|---|
| за згоени свињи од 140—160 кг жива мера — — — — — — | Дин. 3,50 за 1 кг |
| за згоени свињи преку 160—180 кг жива мера — — — — — | Дин. 5.— за 1 кг |
| за згоени свињи преку 180 кг жива мера — — — — — — | Дин. 6,50 за 1 кг |

3. Одделната премија од точ. 2 на оваа наредба се исплатува само во готови пари, без износот на откупните бонови со право на купување индустриска стока со попуст.

4. Селанските работни задруги добиваат покрај цената и боновите за откуп од точ. 1 на оваа наредба уште и 50% бонови за откуп во смисла Решението за изменувања и дополнувања на Решението за износот боновите на трговијата по сврзаните цени што ги добиваат селанските работни задруги за селско-стопанските производи испорачани по планот на откупот, како и за селско-стопанските производи што ги продаваат на слободен пазар („Службен лист на ФНРЈ", бр. 35/51).

5. Поблиски прописи за спроведувањето на оваа наредба донесува, по потреба, Претседателот на Советот за промет со стоки на Владата на ФНРЈ во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ.

6. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на Федративна Народна Република Југославија", а ќе се применува и на задолжителните испорачки на згоените свињи извршени после 1 јули 1951 година а кои не се пресметани до денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

Бр. 11883
21 август 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Стопанскиот совет,
**Борис Кидрич**, с. р.

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ**, с. р.

Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

**380.**

Врз основа на чл. 3, 4 и 31 од Уредбата за надлежноста за определување и контрола на цените и тарифите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/50), издаваме

## НАРЕДБА
## ЗА ЦЕНИТЕ ПО КОИ ШТО ПРОИЗВОДИТЕЛНИТЕ И ТРГОВСКИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ЌЕ ЈА ПРОДАВААТ СТОКАТА НАМЕНЕТА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ЗОНА ОД СЛОБОДНАТА ТЕРИТОРИЈА НА ТРСТ

1. Сите производителни претпријатија ќе ги продаваат своите производи наменети за потребите на Југословенската зона од Слободната Територија на Трст по цените во слободна продажба по кои што ги продаваат своте производи во слободната продажба на трговската мрежа во Федеративна Народна Република Југославија за потребите во земјата.

2. Претпријатијата на трговската мрежа ќе ја продаваат стоката наменета за потребите на Југословенската зона од Слободната Територија на Трст по цените по кои што им ја продаваат на купувачите во Федеративна Народна Република Југославија за потребите во земјата.

3. Оваа наредба ќе се применува од 1 август 1951 година.

Бр. 2544
25 август 1951 година
Белград

Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ**, с. р.

382.

Врз основа на чл. 8 од Уредбата за снабдување на населението („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/48) и чл. 1 на Уредбата за изменувањата и дополнувањата на Уредбата за слободната продажба и за цените на стоките од широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51), донесувам

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА НАЧИНОТ НА ПРОДАЖБАТА НА МАЛО НА ПРЕРАБОТКИТЕ ОД ТУТУН, КНИГИ ЗА ЦИГАРИ И КИБРИТ

Точката 2 од Решението за начинот на продажбата на мало на преработките од тутун, книги за цигари и кибрит („Службен лист на ФНРЈ", бр. 28/51) се менува и гласи:

Продажбата на големо на преработките од тутун, книги за цигари и кибрит покрај претпријатијата на инвалидските организации можат да ја вршат и сите трговски претпријатија на големо.

Производителните претпријатија можат да ги продаваат преработките од тутун, книги од цигари и кибрит и непосредно на продавачите на мало цитирани во точ. 1 од ова решение".

Бр. 12101
23 август 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ**, с. р.

383.

Врз основа на чл. 15 од Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51), а во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ, донесувам

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАБАТИТЕ ЗА ПРЕРАБОТКИТЕ ОД ТУТУН, КНИГИ ЗА ЦИГАРИ И ЗА КИБРИТ

I. За преработките од тутун, книги за цигари и за кибрит се определуваат следни рабати:

1) За преработките од тутун и книги за цигари:

| | |
|---|---|
| а) рабат на трговијата на големо — — | 1% |
| б) рабат на трговијата на мало — — | 2% |
| Вкупно | 3% |

2) За кибрит без оглед на видот и големината на кутијата:

| | |
|---|---|
| а) рабат на трговијата на големо — | 0,8% |
| б) рабат на трговијата на мало — — | 1,6% |
| в) просечен додаток за појасите на допремање — — — — — — — | 0,1% |
| Вкупно | 2,5% |

II. При испорачка производите од точ. 1 на ова решение производителното претпријатие им одобрува на купувачите следен рабат:

а) кога производител ги испорачува на трговско претпријатие на големо на Сојузот на воените инвалиди од војната на Југославија или на државните трговски претпријатија на големо или на трговско претпријатие од околиски сојуз на земјоделските задруги, му одобрува вкупно рабат (рабат на трговијата на големо и трговијата на мало со просечен додаток за појасите на допремање) определен во точ. I од ова решение;

б) кога производител ги испоручува непосредно на продавачот на мало (на трговско претпријатие на мало или на задруга) му одобрува рабат на трговијата на мало и 50% рабат на трговијата на големо, како и додаток за појасот за допремање определен во точ. III на ова решение.

Преостанатиот дел од 50% на рабатот на трговијата на големо производителното претпријатие го задржува за покривање на своите трошкови на продажбата на продавачите на мало (трошкови за пакување, испраќање итн.).

III. За кибрит, покрај рабатот кој се одобрува според точ. 2 од ова решение, производителното претпријатие му одобрува на продавачот на мало и додаток за појасот на допремање во следни износи:

| | |
|---|---|
| за I појас на допремање — — — — | 0,10% |
| за II појас на допремање — — — | 0,20% |
| за III појас на допремање — — — | 0,30% |
| за IV појас на допремање — — — | 0,40% |

Појасот на допремање се определува според точ. IV од Решението за рабатите и маржите во трговијата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51).

IV. Производите од точ. 1 на ова решение производителот ги испорачува франко истоварната станица на стовариштето од купувачот.

Ако е стовариштето на купувачот — на трговското претпријатие на Сојузот на воените инвалиди од војната на Југославија или државното трговско претпријатие на големо или трговското претпријатие на околискиот сојуз на земјоделските задруги оддалечено преку 5 км од најблиската истоварна железничка или бродска станица, производителното претпријатие му ги надокнадува на купувачот и стварно платените трошкови на превозот од истоварната станица на купувачот до неговото стовариште.

V. Кога претпријатието на Сојузот на воените инвалиди од војната на Југословија произведите од точ. I ги продава на продавачите на мало вон од својата малопродавна мрежа или на претпријатијата на околиските сојузи на земјоделските задруги, им одобрува следен рабат:

а) на продавачите на мало рабат на трговијата н мало, а за кибрит уште и додаток за појасите на допремање определен во точ. III од ова решение;

б) на претпријатијата од околиските сојузи на земјоделските задруги рабат на трговијата на мало и 50% рабат на трговијата на големо, а за кибритот уште и просечен додаток за појасите на допремање.

VI. Претпријатието на околискиот сојуз на земјоделските задруги или на државното трговско претпријатие на големо, при испорачката производите од точ. I на ова решение на малопродавачите на тутун им одобрува рабат на трговијата на мало, а за кибрит уште и додаток за појасите на допремање во износите определени во точ. III на ова решение.

VII. Ова решение ќе се применува од 1 септември 1951 година, кога престанува да важи Решението за рабатите за преработки од тутун, книги за цигари и за кибрит („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/51).

Бр. 12062
24 август 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ, с. р.**

Согласен,
Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ, с. р.**

384.

Врз основа на чл. 15 од Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51), а во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ, донесувам

# РЕШЕНИЕ
## ЗА РАБАТОТ ЗА СОЛ

1. За солта во трговскиот промет се определува следен рабат:

| | Рабат во % | | | |
|---|---|---|---|---|
| | За трговијата на големо | За трговијата на мало | Просечен додаток за појасите на допремање | Вкупно |
| Сол . . . . | 1,75 | 2,50 | 0,75 | 5 |

2. Производителните претпријатија односно трговските претпријатија на големо ќе им одобруваат на трговските претпријатија на мало, покрај рабатот што им припаѓа по точ. 1 од ова решение, уште и следни додатоци за појасите на допремање:

| | Додаток за појасите на допремање во % | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV |
| Сол . . . . | 0,75 | 1,50 | 2,25 | 3 |

3. Ова решение ќе се применува од 1 септември 1951 година, кога престануваат да важат рабатот и додатоците за појасите на допремање пропишани за сол во Решението за рабатите и маржите во трговијата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51).

Бр. 12064
24 август 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ**, с. р.

Согласен,
Министер на финансиите, на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

385.

Врз основа на чл. 15 од Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51), а во согласност со Министерот на финансиите на ФНРЈ, донесувам

# РЕШЕНИЕ
## ЗА РАБАТИТЕ ЗА ПЕТРОЛ ЗА ОСВЕТЛЕНИЕ

1) Трговските претпријатија „Југопетрол" (Рафинеријата за нафта во Народна Република Босна и Херцеговина) ќе им одобруваат при продажбата на петрол за осветление на трговските претпријатија на мало, на задругите и на трговските претпријатија на околиските сојузи на земјоделските задруги следен рабат од продажната цена на мало:

| | Кај преземањето на петролот во бочви | во цистерни |
|---|---|---|
| а) на трговските претпријатија на мало и на задругите — | 1,20% | 1,40% |
| б) на претпријатијата од околискиот сојуз на земјоделските задруги — — — — | 2,20% | 2,40% |

2) Покрај рабатот од претходната точка, трговските претпријатија „Југопетрол" (Рафинеријата за нафта во Народна Република Босна и Херцеговина) ќе им одобруваат при испорачките на петрол за осветление:

а) на трговските претпријатија на мало и на задругите што се наоѓаат во првиот, вториот, третиот и четвртиот појас на допремање додаток за појасите на допремање, и тоа:

| | |
|---|---|
| I појас за допремање — — — | 0,40% |
| II појас за допремање — — — | 0,80% |
| III појас за допремање — — — | 1,50% |
| IV појас за допремање — — — | 1,80% |

б) на трговските претпријатија на околиските сојузи на земјоделските задруги просечен додаток за појасите на допремање, и тоа: на „Југопетрол" во Белград, Нови Сад, Загреб и Љубљана, Скопје и Босански Брод — 0,40% а на „Југопетрол во Котор 0,60%.

в) на државните трговски претпријатија на мало без оглед на појасот на допремање во кој се наоѓаат, а имаат свои продавници на оддалеченост преку 5 км од своето стовариште — додаток за појасите на допремање во износи како под точката 2а). Појасите на допремање се определуваат во овој случај за оддалеченоста од стовариштето на претпријатието од кое што се врши снабдувањето на продавниците до местото во кое што се наоѓаат продавниците, а во смисла на точ. VI од Решението за рабатите за нафта и нафтините деривати („Службен лист на ФНРЈ", број 39/50).

Додатоците од претходниот став „Југопетрол" им ги одобрува на државните трговски претпријатија на мало само на количините на петрол за осветление што овие претпријатија ќе го отпремат во своите продавници оддалечени преку 5 км од нивното стовариште.

3) Претпријатијата што произведуваат и увозат нафта и нафтини деривати (Рафинерии на нафта), при испорачките на нафта и нафтини деривати ќе му одобруваат на „Југопетрол" во Белград и на неговата филијала во Нови Сад рабат определен во точ. II од Решението за рабатите на нафта и нафтини деривати наголемени за 1%, а на сите други „Југопетрол-и" рабат определен во точ. II од истото решение наголемен за 0,8%.

4) Со одредбите на точ. 1 и 2 од ова решение се менуваат прописите на Решението за рабатите за нафта и нафтини деривати, доколку се однесуваат до определувањето висината на рабатите и додатоците за појасите на допремање на петролот за осветление. Другите одредби од тоа решение остануваат и натаму во сила.

5) Ова решение ќе се применува од 1 септември 1951 година, кога престанува да важи Решението за рабатите за петрол за осветление („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51).

Бр. 12061
24 август 1951 година
Белград

Министер на Владата на ФНРЈ
Претседател на Советот за промет со стоки,
**Осман Карабеговиќ**, с. р.

Согласен,
Министер на финансиите, на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

**886.**

Врз основа на чл. 6 од Уредбата за слободната продажба и цените на стоката од широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 29/50), а во врска со прописите од Уредбата за изменувањата и дополнувањата на Уредбата за слободната продажба и цените на стоките од широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51), и Напатствието за начинот на формирањето и определувањето на цените по кои што производителните претпријатија ќе ги продаваат производите наменети за широка потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/51), давам

## ОБЈАСНЕНИЕ

### ЗА НАРЕДБАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И УПЛАТУВАЊЕ НА ПАЗАРИШНАТА ДОБИВ И НА РАЗЛИКИТЕ ВО ЦЕНИТЕ НА РЕПРОДУКЦИОНИОТ МАТЕРИЈАЛ НАМЕНЕТ ЗА ЛОКАЛНОТО ПРОИЗВОДСТВО КАКО И ЗА НАДОКНАДАТА (РЕГРЕСОТ) НА РАЗЛИКИТЕ ВО ЦЕНИТЕ ПРИ ПРОДАЖБАТА НА СТОКИТЕ ОД ШИРОКАТА ПОТРОШУВАЧКА

Наредбата за пресметување и уплатување на пазаришната добив и на разликите во цените на репродукциониот материјал наменет за локалното производство како и за надокнадата (регресот) на разликите во цените при продажбата на стоките од широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/51) ќе се однесува на селанските работни задруги и на нивните работилници.

Бр. 17280
17 август 1951 година
Белград

Министер на финансиите на ФНРЈ,
**Добривоје Радосављевиќ**, с. р.

# ГЛАВНА ДРЖАВНА АРБИТРАЖА ПРИ ВЛАДАТА НА ФНРЈ

Врз основа на чл. 19 ст. 2 од Законот за државната арбитража, Пленумот на Главната државна арбитража при Владата на ФНРЈ на своето четврто заседание одржано на 24 август 1951 година донесе следни

## ПОСЕБНИ УЗАНСИ

### НА АГЕНЦИИТЕ ЗА ПОСРЕДУВАЊЕ И ПРОМЕТОТ СО СЕЛСКО-СТОПАНСКИ И ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

1. Овие узанси се применуваат на случаите кои со закон или со договор не се инаку регулирани.

Странките можат да го исклучат применувањето на поодделните узанси од овие.

2. Налогот за продажба и купување на стока даден на агенцијата го врзува налогодавачот до истекот на срокот кој ќе го определи налогодавачот.

Ако не го определи срокот, налогодавачот го врзува налогот три дена без оглед на кој начин е даден налогот (усно, по телефон, со телеграма или писмено). Кај стока што се расипува лесно, овој срок изнесува 24 часа.

3. Ако е определен на денови, срокот започнува да тече со денот кој следи после денот кога го примила агенцијата налогот.

Ако е определен на часови, срокот почнува да тече со часот кој следи после часот кога го примила агенцијата налогот.

4. Ако го повлече налогот пред истекот на срокот налогодавачот е должен да ги надокнади станатите трошкови на агенцијата.

5. Договорот што ќе го склучи агенцијата во границите на дадениот и' срок и налог ги врзува обете странки.

6. Агенцијата има право на провизија без оглед дали е склучениот договор реализиран.

Бр. 2168
24 август 1951 година
Белград

Претседател на Главната државна арбитража при Владата на ФНРЈ,
др **Александар Голдштајн**, с. р.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

## НАРОДНЕ НОВИНЕ
## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине", службен лист на Народна Република Хрватска во бројот 39 од 3 јули 1951 година немаат службен дел.

Во бројот 40 од 5 јули 1951 година објавуваат:

**Указ** за свикување Саборот на Народна Република Хрватска;

**Уредба** за укинување на постоеќите и за определување бројот и територијалната надлежност на нови окружни судови.

Во бројот 41 од 7 јули 1951 година објавуваат:

**Указ** за ставање во сила Указот за свикувањето на Саборот на Народна Република Хрватска;

**Решение** за подрачјата на кои што ораниците наменети за производство на семе нема да се засметуваат во ораничната површина;

**Решение** за дополнување Решението бр. 885/51 од 30 март 1951 година за цените на електричната енергија за селските домаќинства на подрачјето на НР Хрватска;

**Наредба** за престанок на ловостојот за диви патки, голуби, грлици и препелици во 1951 година.

Во бројот 43 од 16 јули 1951 година објавуваат:

**Решение** за патиштата од II ред на подрачјето на Народна Република Хрватска.

Во бројот 44 од 23 јули 1951 година објавуваат:

**Наредба** за изменување на Наредбата за отпишување и пренесување неликвидните средства и изворите на средствата на државните стопански претпријатија од локално значење;

**Решение** за бројот на судиите-поротници од окружните и околиските судови на подрачјето на Народна Република Хрватска.

Во бројот 45 од 28 јули 1951 година немаат службен дел.

Во броевите: 46 од 2 август 1951 и, 47 од 8 август 1951 и 48 од 11 август 1951 година немаат службен дел.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 14 од 11 јули 1951 година објавува:

**Закон** за согласување законите на Народна Република Босна и Херцеговина со Кривичниот законик;

**Закон** за Научното здружество на Народна Република Босна и Херцеговина;

**Закон** за сузбивање полската штета;

**Указ** за изменување во Владата на Народна Република Босна и Херцеговина;

**Указ** за разрешување од должност претседателот, потпретседателот и судиите на Врховкиот суд на Народна Република Босна и Херцеговина;

**Одлука** за избирање претседател и судии на Врховниот суд на НР Босна и Херцеговина;

**Решение** за Институтот за селско-стопанска економика;

**Напатствие** за определување учеството во пазаринската добив на занаетчиските задруги, производствените претпријатија на општествените организации и на приватните занаетчиски дуќани;

**Решение** за дополнување Решението за определување градовите и индустриските центри во кои што селанските работни задруги и општите земјоделски задруги, кога продаваат селско-стопански производи по цените што се просечно пониски за околу 15% од цените на пазарот, ке добиваат бонови на трговијата по сврзаните цени;

**Решение** за одобрување оснивањето и работењето на „Сојузот на Чесите и Словаците на Босна и Херцеговина".

Во бројот 15 од 21 јули 1951 година објавува:

**Одлука** на Народната скупштина на НР Босна и Херцеговина за потврда на указите на Президиумот на Народната скупштина на НР Босна и Херцеговина донесени во времето помеѓу II и III редовно заседание на Народната скупштина на НРБиХ (од второто свикување) согласно на чл. 75 точ. 7 и 9 од Уставот на НРБиХ;

**Одлука** на Народната скупштина на НРБиХ за потврда на уредбите што ги донела Владата на НРБиХ во периодот од 21 јануари 1951 година до 1 јули 1951 година врз основа на Законот за овластување Владата на НРБиХ за донесување уредби од областа на народното стопанство;

**Уредба** за бројот, седиштето и подрачјето на околиските и окружните судови во НР Босна и Херцеговина;

**Уредба** за укинување Уредбата за Бирото за трговско посредување;

**Решение** за бројот на судиите и судиите поротници на окружните судови;

**Решение** за Институтот за енергетика и екстрактивна индустрија;

**Решение** за оснивање Републичка комисија за прашањата по експропријација;

**Решение** за определување цени за сирак-слама од родот на 1951 година и поранешните години во слободниот откуп;

**Решение** за одобрување оснивањето и работењето на Друштвото на шумарските инженери и техничари на НР Босна и Херцеговина.

## СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 22 од 13 јули 1951 година објавува:

**Правилник** за најголемиот број помошници и мајстори што можат да бидат запослени во дуќан на приватен занаетчија;

**Решение** за одобрување оснивањето и работата на Шумарското друштво во Народна Република Македонија;

**Решение** за одобрување оснивањето и работата на автомобилско-моторциклистичкото друштво „Дебарце", со седиште во град Скопје.

Во бројот 23 од 27 јули 1951 година објавува:

**Статут** на Илинденската споменица;

**Указ** за делимично ставање вон сила Указот на Президиумот на Народното собрание на НРМ бр. 24 од 28 април 1948 година;

**Указ** за разрешување и именување директори на главните управи;

**Уредба** за оснивање шумска опитна станица на Земјоделско-шумарскиот факултет во Скопје;

**Уредба** за укинување Дирекцијата за бањски лекувалитшта;

**Уредба** за укинување Дирекцијата за снабдување со лекови и медицински инструменти.

Во бројот 24 од 9 август 1951 година објавува:

**Уредба** за определувањето бројот и територијалната надлежност на окружните судови на територијата на Народната Република Македонија:

**Решение** со кое се одобрува оснивањето и работењето на Друштвото на композитори на НРМ со седиште во Скопје;

**Решение** со кое се одобрува оснивањето и работењето на Сојузот на доброволните ватрогасни друштва.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ЦРНЕ ГОРЕ

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 16 од 10 јули 1951 година објавува:

**Указ** за помилување на осудените лица бр. 657;
**Указ** за помилување на осудените лица бр. 700;
**Решение** за тарифите за ветеринарни услуги.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ АУТОНОМНЕ ПОКРАЈИНЕ ВОЈВОДИНЕ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени лист Аутономне Покрајине Војводине Народне Републике Србије" во бројот 8 од 15 јули 1951 година објавува:

**Решение** за определување бројот на судиите на Врховниот суд на Автономната Покрајина Војводина во Нови Сад;

**Решение** за определување бројот на судиите и судите-поротници на окружните судови на територијата на Автономната Покрајина Војводина;

**Наредба** за почетокот на работењето на новите окружни судови во Сремска Митровица и Панчево.

Во бројот 9 од 1 август 1951 година објавува:

**Одредба** за организацијата на Главниот извршен одбор на Народната скупштина на Автономната Покрајина Војводина;

**Одредба** за административно-териториjалните промени на подрачјето на Автономната Покрајина Војводина;

**Решение** за изборот на членовите на Советот за просвета и култура на Главниот извршен одбор на Народната скупштина на Автономната Покарјина Војводина;

**Решение** за разрешувањето од должност и за избирањето на нови судии на Врховниот суд на Автономната Покраjина Војводина, претседатели, судии и судии-поротници на окружните судови, освем судии-поротници во Суботице;

**Решение** за прогласувањето на установите од попокраjинско значење за установи од локално значење;

**Решение** за укинувањето на Нижата медицинска школа во Нови Сад;

**Решение** за изменување називот на Војвоѓанската архива во Нови Сад.

Во бројот 22 од 3 јули 1951 година објавува:

**Указ** за определување одбор на Советот за просвета и култура на Владата на НР Словенија и за именување и потврда на неговите членови;

**Указ** за разрешување и именување директор на Главната управа за туризам и угостителство;

**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за полагање адвокатски испит;

**Решение** за собирање ушур од вршалките во 1951 година.

Во бројот 23 од 10 јуни 1951 година објавува:

**Уредба** за укинување Главната дирекција за унапредување на селското стопанство;

**Решение** за определување местата во кои што интервенцијата со селско стопански производи на пазарот ќе се стимулира со бонови.

Во бројот 24 од 17 јули 1951 година објавува:

**Наредба** за хигиенските а санитарните мерки во берберските и фризерските дуќани.

Во бројот 25 од 24 јули 1951 година објавува:

**Правилник** за работа на Народната скупштина на Народна Република Словенија;

**Правилник** за вршење шумарска служба во Народна Република Словенија;

**Правилник** за дозвола за сечење и за начинот и времето за искористување на шумите.

Во бројот 26 од 31 јули 1951 година објавува:

**Уредба** за надзорот над приватното обучување на младината;

**Уредба** за уредувањето прометот со дрва.

Во бројот 27 од 7 август 1951 година објавува:

**Напатствие** за расподелба и употреба на уплатите книжени на одделни банковни сметки на народните одбори и за пренесувањето на нераспоредените акумулирани уплати со состојбата на 13 јуни 1951 година, од „Сметката на делот на пазаришната добив на локалното стопанство за фондот на раководството на претпријатијата" и „Сметката на делот на пазаришната добив на локалното стопанство за слободно располагање на претпријатијата" кај Народната банка на ФНРЈ на одделни сметки на народните одбори;

**Решение** за расподелбата на девизите што се добиени со извоз на производите од локалната индустрија, занаетчиството, домашната работност и занаетчиските задруги.

## СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 25 од 21 јули 1951 година објавува:

**Указ** на Президиумот на Народната скупштина на НРС за делимично ставање вон сила Указот бр. 141 од 28 април 1948 година;

**Напатствие** за раководење на угостителските дуќани во состав на угостителските претпријатија:

**Напатствие** за висината, разрезувањето и наплатувањето на коморскиот допринос.

Во бројот 26 од 28 јули 1951 година објавува:

**Уредба** за изменувања и дополнувања на Уредбата за откуп на добиток и маст во 1951 година;

**Уредба** за оснивање Завод за метеорологија и хидрологија на НР Србија;

**Уредба** за укинување Главната дирекција за промет со живина и перје;

**Уредба** за укинување Уредбата за оснивање Дирекција на Каналот Дунав—Тиса—Дунав;

**Уредба** за изменувања и дополнувања на Уредбата за укинување на постоеќите и за оснивање нови окружни судови;

**Наредба** за изменување на Наредбата за накнадата за употреба на мобилизираните приватни теретни моторни возила;

**Решение** за дополнување Решението ВС бр. 496/48 за определување месните народни одбори за заверување потписи, ракописи и преписи;

**Напатствие** за престанок на работењето на Окружниот суд на белградската област и за почетокот на работењето на нови окружни судови;

**Напатствие** за престанок на работењето на обласните судови и за почетокот на работењето на окружните судови.

## СОДРЖАЈ:


Страна

377. Напатствие за изменувањето и дополнувањето на Напатствието за формирање продажните цени на големо на житата, брашното и на гризот од задолжителниот откуп како и за надокнадата (регресот) на разликите во цените — — — — — — — — — — 485
378. Напатствие за купувањето на творбите од ликовната и применетата уметност — — — 485
379. Наредба за откупните државни цени за згоени свињи — — — — — — — — — — — — — 486
380. Наредба за цените по кои што производителните и трговските претпријатија ќе ја продаваат стоката наменета за потребите на Југословенската зона од слободната територија на Трст — — — — — — — — — — — 486
381. Наредба за начинот на пресметувањето и уплатувањето разликата во цената на вино и ракија и за надокнадата на негативните разлики станати поради намалувањето продажните цени на виното, ракијата и јаките алкохолни пијалоци — — — — — — — — 487
382. Решение за изменување и дополнување на Решението за начинот на продажбата на мало на преработките од тутун, книги за цигари и ќибрит — — — — — — — — — 488
383. Решение за рабатите за тутунски преработки, цигар-папир и ќибрит — — — — — — 488
384. Решение за рабатот за сол — — — — — 489
385. Решение за рабатите за петрол за осветление — — — — — — — — — — — — — 489
386. Објаснение за Наредбата за пресметување и уплатување да пазаришната добив и на разликите во цените на репродукционият материјал наменет за локалното производство како и за надокнадата (регресот) на разликите во цените при продажбата на стоките од широка потрошувачка — — — — 489

Посебни узанси на агенциите за посредување и прометот со селско-стопански и индустриски производи — — — — — — — — — — 490


**Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" новинарско издавачко претпријатие — Белград, Улица Кралевиќа Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Кралевиќа Марка бр. 9. — Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград**